**Врз основа на член 58 од Статутот на Акционерското друштво за производство на конфекциски производи МОДА АД Св.Николе, а согласно Одлуката за свикување на Годишно собрание на друштвото бр. 02-333 од 08.05.2013 год. и членовите 383, 384, 385 и 387 од ЗТД, Одборот на директори на АД МОДА Св.Николе објавува:**

# ПОВИК

**ЗА ОДРЖУВАЊЕ ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 31.05.2013 година (Петок) со почеток во 13,00 часот во деловните простории на друштвото во Св.Николе со седиште на Ул."М.Тито" бр. 79 Св.Николе.**
**За работата на седницата на Собранието се предлага следниот:**

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**
**1. Отворање на Собранието**
**2. Избор на Претседавач со Собранието**
**3.Избор на бројачи на гласови**

**РАБОТЕН ДЕЛ**
**1. Усвојување на Записникот бр. 02-157 од 21.04.2012 година.**
**2. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2012 година.**
**3. Донесување Одлука за распределба на добивката остварена по Годишната сметка за 2012 год.**
**4. Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото.**
**5. Донесување Одлука за утврдување на Дивиденден Календар за 2012 година.**
**6. Разгледување и одобрување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финасиските извештаи, со Мислење.**
**7. Донесување Одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на Годишната сметка и Финансиските Извештаи на МОДА АД Св.Николе за деловната 2013 година**

**Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва.**

**Секој акционер кој има намера да учествува на собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.**

**Пријавите да се достават до МОДА АД Св.Николе.**

**Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собранието на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.**

**Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото.**

**Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.**

**Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставaт предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.**

**Акционерите барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието и/или предлагањето на одлуки за усвојување можат да го доставаат во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието, а подетални информации за постапката на доставување може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото.**

**Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на Друштвото.**
**Одговорите на поставените прашања на седницата на собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.**

**Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвото од 12:00 до 13:00 часот и се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.**
**Официјална интернет страница на Друштвото е:**
**www.ad-moda.com**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**